Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА / MINISTRIA E DREJTËSISË
Управа за извршување на санкциите
Drejtoria për përmbarimin e ndëshkimeve
Бр.-Nr. 05-387/1
04.03.2022 год.-viti
Скопје-Shkup

ДРУШТВО ЗА ИЗДАВАЊЕ И МАРКЕТИНГ
СЛОБОДЕН ПЕЧАТ ДОО
Бр. 0307/86
04.03.2022 год.
СКОПЈЕ

# РАМКОВНА СПОГОДБА

**За Дел 1: Објавување на огласи во дневни печатени медиуми кои се печатат на македонски јазик во прв дневен весник - СО ПРЕДМЕТ НА НАБАВКА Набавка на услуги за објавување на огласи во печатени медиуми СО ЕДЕН ЕКОНОМСКИ ОПЕРАТОР БЕЗ ПОВТОРНО ПРИБИРАЊЕ НА ПОНУДИ**

**Склучен на ден 04.03.2022 година помеѓу:**

## ДОГОВОРНИ СТРАНИ

1. **Министерство за правда, Управа за извршување на санкциите** со седиште на ул. Димитрие Чуповски бр.9, 1000 Скопје, застапувано од Директорот Марјан Спасовски, со ЕМБС 6070809, со ЕДБ 4030006578226 и ж.сметка 070026018663710 во понатамошниот текст – Договорен орган и

2. **Друштво за издавање и маркетинг Слободен печат ДОО Скопје**, со седиште на ул. "Кеј 13 Ноември, ГТЦ 2 кат, локал 12. Д.Е. 235, Скопје, со ЕМБС 6895760, ЕДБ МК 4057013522738, застапувано од Одговорно лице Дејан Волф, во понатамошниот текст – Носител на набавката.

## ПРЕДМЕТ НА РАМКОВНАТА СПОГОДБА

Член 1

Со оваа Рамковна спогодба се уредуваат меѓусебните права и обврски на договорниот орган и носителот на набавката, по спроведена постапка за јавна набавка на услуги - **Набавка на услуги за објавување на огласи во печатени медиуми**/Дел 1 - Објавување на огласи во дневни печатени медиуми кои се печатат на македонски јазик во прв дневен весник, за потребите на договорниот орган, врз основа на оглас за јавна набавка бр. 01801 /2022, во согласност со понудата на економски најповолниот понудувач, по спроведена е-аукција на ден 25.02.2022год., која е составен дел на оваа спогодба.

Рамковната спогодба се склучува врз основа на Одлуката за избор на најповолна понуда бр. 05-258/2 од 25.02.2022 год. донесена по спроведена постапка-Набавка од мала вредност, спроведена во електронска форма и која заврши со електронска аукција.

Носителот на набавката е врзан за понудата, тендерската документација и техничките спецификации за јавната набавка на договорниот орган со број на оглас 01801 /2022 и истите се во важност за целото времетраење на спогодбата.

Интензитетот и распоредот на објавување не може однапред да се предвиди, бидејќи зависи од конкретната потреба.

Услугата, предмет на овој договор ќе се врши сукцесивно, според потребите и финансиските можности на нарачателот на услугата, по претходно доставено соодветно барање за објавување на оглас.

## ЈАЗИК НА РАМКОВНА СПОГОДБА

Јазик на Рамковната спогодба и на другите документи кои претставуваат составен дел на Рамковната спогодба е Македонскиот јазик.
Јазик на целата комуникација во писмена форма помеѓу договорните страни е на Македонски јазик.

## КОЛИЧИНИ И ЕДИНЕЧНИ ЦЕНИ

Член 2

Количините на услугата предмет на оваа спогодба се одредуваат согласно потребите на Договорниот орган. Единечните цени за извршување на предметот на оваа спогодба се утврдени во Прилог - Листа на цени за дел 1, која е составен дел на оваа спогодба.
Единечните цени дадени во Прилог на оваа спогодба се фиксни за целото времетраење на оваа спогодба и истите не подлежат на промени, до крајот на нејзиното исполнување.
Единечната цена во секој соодветен дел е изразена во денари без ДДВ.

## ВРЕДНОСТ НА РАМКОВНАТА СПОГОДБА

Член 3

Вкупната вредност на оваа рамковна спогодба изнесува 145.000,00 денари без ДДВ, ДДВ во износ од 26.100,00 денари, односно вкупна вредност со пресметан ДДВ изнесува 171.100,00 денари.
Договорниот орган не е во обврска во целост да ја реализира вкупната максимална вредност на оваа Спогодба.

## ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА РАМКОВНА СПОГОДБА

Член 4

Рамковната спогодба се склучува на период од 1 (една) година, или до исцрпување на утврдената вредност (проценетата вредност) на рамковната спогодба.

## НАЧИН, РОК И МЕСТО НА ИЗВРШУВАЊЕ НА РАМКОВНАТА СПОГОДБА

Член 5

Носителот на набавката е должен услугата-предмет на набавката да ја реализира согласно потребите и барањата на Договорниот орган и предвиденото во техничката спецификација.
Рамковната спогодба ќе се реализира сукцесивно за времетраење од 1 (една) година, согласно потребите на Договорниот орган и понудените единечни цени на Носителот на набавката за секој од соодветните делови на предметната набавка, намалени за процентот на попуст од електронската аукција како последна фаза во

постапката, се до исцрпување на вкупната вредност на рамковната спогодба или до денот на истекот на нејзината важност.

Договорниот орган го задржува правото да не изврши порачка за сите позиции наведени во техничките спецификации, и соодветно на тоа да не ја исцрпи во целост утврдената вредност на рамковната спогодба.

Барањата од страна на Договорниот орган ќе се доставуваат по електронска пошта или по редовна пошта, при што таквиот начин на комуникација ќе се смета за официјален.

Јавните огласи за вработување на административни службеници за потребите на Договорниот орган ги објавува Агенцијата за администрација, а трошоците за нивно објавување се на товар на институцијата за чии потреби се објавува огласот, односно на Договорниот орган.

Во писмената нарачка до носителот на набавката, договорниот орган ќе ги дефинира техничките барања поврзани со самата објава на огласот и ке наведе колку пати треба да биде објавен огласот, а во прилог на нарачката ќе го доставува материјалот кој треба да се објави.

Текстовите за објава ќе се доставуваат во едитабилен формат, а носителот на набавката е должен да го подготви во форматот за објава.

Носителот на набавката е должен да изврши објава на огласите во рок од најмногу 3 (три) дена од денот на добивањето на барањето, освен во случаи кога е потребна итна објава, на барање на договорниот орган, објавата да биде реализирана и во пократок рок – следниот работен ден, веднаш по денот на доставувањето на барањето.

## ПОСТАПКА БЕЗ ПОВТОРНО ПРИБИРАЊЕ НА ПОНУДИ И НАЧИН НА СКЛУЧУВАЊЕ НА ПОЕДИНЕЧНИ ДОГОВОРИ

Член 6

Договорниот орган врз основа на Рамковната спогодба согласно член 116 и 117 од Законот за јавни набавки ќе изврши доделување на поединечни договори врз основа на ставките во техничките спецификации за соодветниот Дел за која се однесува предметната спецификација.

**Поединечниот договор врз основа на рамковна спогодба се склучува во писмена форма, а ефект на договор може да имаат и нарачка, налог, заклучница и слично, доколку ги имаат сите суштествени состојки на договорот (согласно член 116 став 4 од Законот за јавните набавки „ Службен весник на РМ “ бр.24/19). Поединечните договори ќе се сметаат за склучени со давање на писмена нарачка од договорниот орган на носителот на набавката, испратена по e-mail или по редовна пошта, од овластен претставник на договорниот орган.**

Поединечните договори за јавни набавки ќе се склучат пред истекот на рокот на рамковната спогодба.

Со потпишување на рамковната спогодба од двете договорни страни, Носителот на набавката потврдува и се согласува дека без приговор ги прифаќа за реализација сите поединечни договори за јавна набавка доделени од договорниот орган на носителот на набавката по оваа Рамковна спогодба.

**ПЕНАЛИ ЗА ЗАДОЦНУВАЊЕ ИЛИ НЕИСПОЛНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ/РАМКОВНАТА СПОГОДБА**

Член 7

Во случај на неизвршување на услугата во рок определен во член 5 од оваа спогодба, Носителот на набавката се обврзува да плати пенали во висина од 2 (два) промила од вредноста на неизвршената услуга за секој започнат ден задоцнување, неисполнување или неуредно исполнување, но износот на пеналите не може да биде поголем од 5% од вредноста на рамковната спогодба.

**НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ**

Член 8

Начин на плаќање е вирмански по извршена услуга (објавување на оглас) во рок од **20** (дваесет) дена од денот на прием на фактурата со целокупната пропратна, уредно заверена документација во Архивата на Договорниот орган.

**КВАЛИТАТИВЕН И КВАНТИТАТИВЕН ПРИЕМ**

Член 9

Квалитативна и квантитативна контрола на услугите кои се предмет на овој договор врши договорниот орган.

Доколку договорниот орган утврди дека по вина на носителот на набавката, налогот за објавување не е огласен или огласниот материјал не е идентичен со содржината доставена во писмениот налог доставен од договорниот орган, договорниот орган има право по свој избор да бара: бесплатно отстранување на неидентичната објава и објавување на бараната објава, сразмерно намалување на цената или пак раскинување на договорот.

**ВИША СИЛА**

Член 10

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на оваа Спогодба до кое би дошло заради Виша сила.

Под виша сила се подразбира се она што е регулирано со Закон за Облигациони односи. Ако една од договорните страни е спречена заради Виша сила должна е во разумен рок писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за Вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

По отстранување на Вишата сила, спогодбата може да се реализира по потреба со заеднички прифатено дополнување или да се раскине спогодбата.

**УСЛОВИ ЗА ПРЕКИНУВАЊЕ ИЛИ РАСКИНУВАЊЕ НА СПОГОДБАТА**

Член 11

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска, другата договорна страна, може да бара исполнување на обврската или да ја раскине Рамковната спогодба.

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски од другата договорна страна ја раскинува рамковната спогодба, должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање, по писмен пат.
Доколку рамковната спогодба се раскине пред истекот на рокот по вина на Извршителите на услугата, Нарачателот има право на надомест на штета.

**РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ**

Член 12

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од оваа Рамковна спогодба, договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање.
Доколку тоа не даде резултат во рок од 10 (десет) дена сите евентуални спорови ќе ги решава надлежен суд во Скопје.

**ОПШТИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Член 13

За се што не е регулирано со оваа спогодба ќе се применува Законот за облигациони односи и другите позитивни прописи кои се однесуваат на оваа област.

Член 14

Дополнувањата и измените на оваа рамковна спогодба се важечки ако се направени во писмен облик и согласно позитивните законски прописи во Република Северна Македонија како и Законот за Јавни набавки. Измени на договорот за јавна набавка/рамковна спогодба во текот на неговата важност, може да дојде до менување на договорот/рамковната спогодба согласно со член 119 од Законот за Јавни набавки (Сл.Весник на РМ бр.24/2019год.).

Член 15

Оваа спогодба е составена во 4 (четири) истоветни примероци од кои 2 (два) примероци за Договорниот орган и 2 (два) за носителот на набавката.

**ДОГОВОРЕН ОРГАН:**
**Министерство за правда**
**Управа за извшување на санкциите**
**ДИРЕКТОР**
**Марјан Спасовски**

______________________

**НОСИТЕЛ НА НАБАВКАТА:**
**Друштво за издавање и маркетинг**
**СЛОБОДЕН ПЕЧАТ ДОО Скопје**
**ОДГОВОРНО ЛИЦЕ**
**Дејан Волф**

______________________

**Прилог 1 – Образец на понуда**

Врз основа на огласот број **01801/2022** објавен од страна на Министерство за правда, Управа за извршување на санкциите, за набавка на услуги - **Набавка на услуги за објавување на огласи во печатени медиуми** со спроведување на набавка од мала вредност, и тендерската документација, ја поднесуваме следнава:

**П О Н У Д А**

**Дел I – Информации за понудувачот**

I.1. Име на понудувачот: СЛОБОДЕН ПЕЧАТ ДОО Скопје
I.2. Контакт информации
Адреса: Кеј 13 Ноември, ГТЦ 2 кат, локал 12, Д.Е. 235 Скопје
Телефон: +389 2 55 11 763
– Факс: /
Е-пошта: simona.parmacka@pecat.mk
Лице за контакт: Симона Пармачка
I.3. Одговорно лице: Дејан Волф
I.4. Даночен број: MK4057013522738
I.5. Матичен број: 6895760

**Дел II – Техничка понуда/Дел III – Финансиска понуда**

III.1. Вкупната цена на нашата понуда, вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, без ДДВ, кој е искажан посебно, изнесува:

| Дел | Вкупна цена без ДДВ | ДДВ |
|---|---|---|
| **Дел 1** | 11.455.00 | 2.061.9 |
| **Дел 2** | /// | /// |
| **Дел 3** | /// | /// |

III. 2. Детален приказ на вкупната цена на нашата понуда е даден во следнава листа на цени:

**Листа на цени за ДЕЛ 1: Објавување на огласи во дневни печатени медиуми кои се печатат на македонски јазик во прв дневен весник**

**Назив на дневен печатен медиум: СЛОБОДЕН ПЕЧАТ**

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Ред. број** | **Опис** | **Единица мерка** | **Количина** | **Единечна цена без ДДВ** | **ДДВ** | **Единечна цена со ДДВ** |
| 1 | Објава црно-бело внатрешна страна | 1/1 | 1 | 5.625.00 | 1.012.5 | 6.637.5 |
| 2 | Објава црно-бело внатрешна страна | 1/2 | 1 | 3.010.00 | 541.8 | 3.551.8 |
| 3 | Објава црно-бело внатрешна страна | 1/4 | 1 | 1.808.00 | 325.44 | 2.133.44 |
| 4 | Објава црно-бело внатрешна страна | 1/8 | 1 | 1.004.00 | 180.72 | 1.184.72 |
| 5 | Објава црно-бело внатрешна страна | Cm $^2$ | 1 | 8.00 | 1.44 | 9.44 |
| | **Вкупна цена на листата без ДДВ: 11.455.00денари**<br><br>**Со зборови единаесетилјадичетиристотинипедесетипет денари** | | | | | |

**Листа на цени за ДЕЛ 2: Објавување на огласи во дневни печатени медиуми кои се печатат на македонски јазик во втор дневен весник**

**Назив на дневен печатен медиум: СЛОБОДЕН ПЕЧАТ**

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Ред. број** | **Опис** | **Единица мерка** | **Количина** | **Единечна цена без ДДВ** | **ДДВ** | **Единечна цена со ДДВ** |
| 1 | Објава црно-бело внатрешна страна | 1/1 | 1 | / | / | / |
| 2 | Објава црно-бело внатрешна страна | 1/2 | 1 | / | / | / |
| 3 | Објава црно-бело внатрешна страна | 1/4 | 1 | / | / | / |
| 4 | Објава црно-бело внатрешна страна | 1/8 | 1 | / | / | / |
| 5 | Објава црно-бело внатрешна страна | Cm $^2$ | 1 | / | / | / |
| | **Вкупна цена на листата без ДДВ: --------- денари**<br><br>**Со зборови ----------- денари** | | | | | |

**Листа на цени за ДЕЛ 3: Објавување на огласи во дневни печатени медиуми кои се печатат на албански јазик**

**Назив на дневен печатен медиум:_________________///________________**

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Ред. број** | **Опис** | **Единица мерка** | **Количина** | **Единечна цена без ДДВ** | **ДДВ** | **Единечна цена со ДДВ** |
| 1 | Објава црно-бело внатрешна страна | 1/1 | 1 | / | / | / |
| 2 | Објава црно-бело внатрешна страна | 1/2 | 1 | / | / | / |
| 3 | Објава црно-бело внатрешна страна | 1/4 | 1 | / | / | / |
| 4 | Објава црно-бело внатрешна страна | 1/8 | 1 | / | / | / |
| 5 | Објава црно-бело внатрешна страна | $Cm^2$ | 1 | / | / | / |

**Вкупна цена на листата без ДДВ:________///_________денари**

**Со зборови _________________________///__________ денари**

III.3. Нашата понуда важи за периодот утврден во тендерската документација. Се согласуваме со начинот на плаќање утврден во тендерската документација.

III.4. Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во тендерската документација.

Место и датум

Скопје, 01.03.2022 година

Одговорно лице*

ДЕЈАН ВОЛФ
(потпис)

*Образецот на понудата може да биде потпишан и од лице овластено од одговорното лице

DEJAN VOLF

Digitally signed by DEJAN VOLF
DN: cn=DEJAN VOLF, c=MK, o=DIM SLOBODEN PECAT DOO SKOPJE, ou=VAT - 4057013522738, email=dejan.wolf@pecat.mk
Date: 2022.03.01 12:14:48 +01'00'